УДК. 373.513.221

Наум ДИМОВСКИ

# СТРУЧНИОТ, ПЕДАГОШКО-МЕТОДСКИОТ И ПСИХОЛОШКИОТ АСПЕКТ НА ДОМАШНИТЕ ЗАДАЧИ

Темата за домашните задачи припаѓа во групата на елементарните стручни, педагошко-методски и психолошки теми. Основна, едноставна, присутна во секое училиште, кај секој наставник, кај секој ученик. По старост многу одамнешна, од кога што постои организирана настава. Еволуира како што се развива наставата, но без многу иновации, така, што на прв поглед прашањето за домашните задачи изгледа многу едноставно, просто и во практиката како да е сè во ред.

Но бидејќи положбата во практиката не е „розова", каква што изгледа на прв поглед, се одлучивме во ова излагање (како прв дискутант) да ги изнесеме *општите барања* (стручни, педагошко-методски и психолошки), односно *да го актуализираме прашањето* за домашните задачи, а тоа значи да фрлиме поглед на состојбата и да се потсетиме на некои неминовни поставки што ги бара квалитетната наставна работа од наставникот и наставата воопшто.

Дали ќе успееме да ги доловиме потребните и клучните моменти во врска со темата и да го задоволиме вашиот интерес, ќе покаже дискусијата.

## Состојби

Во практиката на средното образование во нашата Република прашањето за домашните задачи на учениците во наставната работа има различен третман и може да се сведе, главно, на три состојби:

— првата е сè во ред: се даваат домашни задачи сообразно со стручните и педагошко-методските барања;

— се оди во крајности, а втората состојба: не се даваат домашни задачи или многу малку и ретко се даваат;

— многу, претерано се даваат — е третата состојба.

Овие состојби содржат повеќе разновидни елементи и варијанти:

— неорганизираност и стихијност на домашните задачи;

— непланирање и недоволно внимание при изборот на домашни задачи;

— домашни задачи без објаснение и упатство;

— нема соработка со родителите на учениците;

— не се контролираат и вреднуваат домашните задачи;

— домашни задачи со кои учениците добиваат улога на наставник и сл.

За ваквите состојби има различни оправдувања, а последиците се знае какви се.

## Што претставуваат домашните задачи?

Домашните задачи на учениците постојат откако постои училиштето како воспитно-образовна установа.

Во педагошко-методската литература има различни искажувања и формулации за тоа што претставуваат домашните задачи. Главно, можат да се сведат на тоа дека „домашните задачи се активности на учениците кои произлегуваат од секојдневните обврски спрема работата во училиштето, придонесуваат во остварувањето на наставните задачи, а се изведуваат надвор од училишната работа".

Домашните задачи најтесно се поврзани со работата на учениците на часот, така што наставниот час и домашните задачи сочинуваат дидактичко единство. Со самостојните домашни задачи насавниот процес или се продолжува, или пак со нив се поттикнува, подготвува или воведува ученикот во тој процес.

Целта на домашните задачи е: потторување, утврдување, усвојување на наставните содржини, проширување и продмлабочување на знаењата, подготвување за усвојување на ново градиво, вежбање и формирање на вештини и навики кај учениците.

Улогата на домашните задачи во суштина е да придонесат во оспособувањето на учениците за самостојно усвојување на знаења и вештини и формирање на навики.

Домашните задачи произлегуваат од самата наставна работа и повторно се вклопуваат во неа во различните фази и облици на наставниот процес.

## Мислења за домашните задачи

Во историјата на наставата општо, се познати различни мислења, ставови и односи во врска со оправданоста на домашните задачи. Едни ги сметаат како товар на учениците, а други како нужност во нивниот развиток.

Во старото училиште во кое владеел лекционизам домашните задачи се давале поради меморирање и имале репродуктивен карактер.

Дури во XX век на домашните задачи им се одреди вистинското место и значење. Во новото училиште домашните задачи се задржани, но се менува нивната смисла и содржина. Тие, покрај репродуктивниот, имаат и продуктивен карактер, зашто треба да придонесат за стекнување на способност за саморабота, односно самообразование на учениците, а тоа значи да го усогласат она што го разбираат со она што умеат и осмислено да ги применуваат своите знаења, умеења и навики во разни променливи ситуации од животот и работата.

Поради различните околности и фактори уште и денес ставовите за домашните задачи не се уедначени и постојат различни мислења.

Противниците на дамошните задачи, покрај другото, наведуваат:

— да се остави повеќе време кое учениците ќе го минуваат на чист воздух, а не во затворени простории и над книгата;

— наполно да се укинат домашните задачи и да се воведе дополнителна работа;

— учениците се преоптоварени со училишна работа и нема потреба од домашни задачи;

— сите ученици немаат поволни услови во домот за работа и не можат успешно да ги изработуваат;

— често им ги изработуваат родителите, а учениците немаат никаква корист од домашните задачи;

— сета опрема е во училиштето, а без неа учењето и работата се вербални и формални;

— учениците не ги сакаат домашните задачи и поради нив го замразуваат училиштето;

— возрасните своите обврски ги исполнуваат на работното место, а не дома итн.

На формирањето вакви ставови влијае и учењето на некои претставници на работното училиште кое ги негира вредностите на домашните задачи.

*Оние што ги сметаат домашните задачи како нужност за* развитокот на учениците, исто така, имаат повеќе причини и аргументи. Покрај оние што ги спомнавме пред малку ќе наведеме уште некои од нив:

— опширни наставни програми и сложени задачи на наставата и учениците не можат сè да совладаат само преку наставата, потребна им е дополнителна работа;

— во редовната настава има време само за обработка на наставни содржини, а не и за вежбање и повторување. Тоа треба да се врши дома;

— со работата во својот дом учениците се навикнуваат на самостојна работа, без директен надзор од наставникот, а со

тоа кај нив се развива чувство на одговорност спрема своите обврки и слично.

Има и други мислења и ставови како на пример:

— домашните задачи да се задржат на принципот на доброволност на ученикот и наставникот;

— да се укинат за време на празниците и неделниот одмор итн.

Изнесениве факти предупредуваат на тоа, како што се застапува д-р Владимир Пољак: „Сѐ додека во училиштето ги нема потребните услови учениците наполно да ги остваруваат своите обврски во врска со задачите на наставата, нужно е тој дел од обврските да ги извршуваат надвор од училиштето, во своите домови".

Затоа вкупниот обем на работата во училиштето и исполнувањето на училишните обврски во домот треба да бидат во границите на дозволеното оптоварување на учениците.

**Видови домашни задачи**

1. Според целта што се сака да се постигне домашните задачи можат да бидат:

а) подготвителни за обработка на нови содржини и

б) за продолжување на работата од часот.

Со првиот вид задачи учениците можат да се активираат во собирање на разни нагледни материјали, набљудување, собирање на податоци, изведување обиди, читање разни текстови и др. Тематиката што ја обработуваат учениците самостојно ја доживуваат, репродуцираат и стекнуваат знаења од соодветната област.

Во вториот вид домашни задачи ученикот се поставува во улога да ги утврди знаењата на обработениот материјал, да се меморира, повторно да се извежба некоја вештина или, пак, да се примени стекнатото знаење.

2. Според дидактичката цел домашните задачи можат да бидат наменети за:

а) подготовка на учениците за совладување на нов материјал;

б)повторување, утврдување и проширување на обработениот материјал;

в) примена на стекнатите знаења, вештини и навики и

г) самостојна и творечка работа.

3. Според техниката на изработувањето домашните задачи можат да бидат:

а) практични набљудувања, обиди, различни мерења, изработка на разни предмети — карти, табели итн.;

б) писмено решавање на задачи, пишување на состави, писмени одговори и сл.;

в) усни учења од учебници, анализи, одговори на прашања и слично.

4. Според учеството на учениците во изработката на домашните задачи, тие можат да се поделат на:

а) општи (сите ученици работат исти задачи);

б) групни (каде што секоја група добива посебна задача) и

в) индивидуални (секој ученик работи посебна задача).

Во современата настава се применуваат уште: дополнителни домашни задачи, контролни, корективни, креативни, диференцирани, факултативни и др.*

Наведениве четири видови домашни задачи имаат своја вредност и значење во дадена ситуација и за определена вредност на учениците. Најголема вредност имаат оние домашни задачи што бараат самостојна и активна работа на учениците, а значајни се и оние од репродуктивен карактер.

Потребно е да се менуваат облиците на домашните задачи зашто тогаш будат интерес и привлечни се:

## Облиците на работа со домашните задачи

Успешната примена на домашните задачи зависи и од тоа кој облик на работа ќе се примени.

Од сите облици на работа кои се применуваат во домашните задачи (индивидуален, тандем, групен и колективен), најчесто се применува индивидуалниот облик на работа, но тоа не значи дека не постојат услови да се применуваат и другите облици.

Индивидуалниот облик на работа одговара на оние ситуации во кои ученикот треба да ја развие самостојноста во работата и да ја потврди оспособеноста за самостојната работа.

Со работата во парови (тандем-партнери) учениците се навикнуваат да работат по двајца. Овој облик може да се примени во повеќе наставни предмети.

Групниот облик се применува поретко, најчесто тогаш кога учениците решаваат комплексни домашни задачи (заеднички конструкции, тешки експерименти, заеднички состави, собирни акции) итн.

---

* — дополнителни: учениците го дополнуваат и прошируваат со нови податоци она што во наставата го сознале;
— контроли: специјалните домашни задачи со кои се врши контрола на знаењата, умеењата и навиките;
— корективни: за отстранување на грешките во знаењата, вештините и навиките;
— креативни: ги поттикнуваат учениците на самостојна творечка работа;
— диференцирани: со нив се утврдува — истражува кои ученици какви варијанти прифаќаат од понудените домашни задачи;
— факултативни: даваат можност на учениците кои покажуваат посебни интереси за изработка на задачи за задоволување на интересот на одделни ученици.

Најретко се применува колективниот облик на работа. Суштината на овој облик се состои во здружената работа на сите ученици од една паралелка за решавање одредени заеднички домашни задачи: заеднички акции, колективни изложби и слично.

### Дидактички барања и организација на домашните задачи

Домашните задачи треба да бидат составен дел на наставните содржини што се предвидени да се реализираат со наставните програми. Тие треба да претставуваат органско единство и продолжение на работата во училиштето.

Освен општите дидактички барања, за успешна примена на домашните задачи значајни се и посебните дидактички барања.

Во дидактичките барања и организацијата на домашните задачи прпаѓаат повеќе компоненти. Ќе наведеме некои од позначајните кои треба да ги имаме предвид:

— комплетна организираност;
— временска одмереност;
— функционална заемност;
— перманентно вреднување;
— рационално користење на резултатите;
— можности на учениците;
— разновидност на домашните задачи;
— обем;
— суштина;
— подготовка;
— објаснување;
— проведување и други.

Да се задржиме на некои од овие компоненти.

По својата содржина и цел домашната работа не се разликува од наставната работа, заради тоа што произлегува од наставата, составен дел е на целокупната наставн работа, па според тоа содржината на домашната работа се одредува соодветно на специфичностите на дидактичките компоненти на наставниот процес, само со таа разлика што во домашната работа одделни дидактички етапи учениците ги изведуваат самостојно као автодидактичка работа и без строго временско определување.

Тоа конкретно значи дека домашните задачи можат и треба да бидат исполнети со барања за подготвување на учениците за наставна работа, самостојно обработување на наставни содржини, вежбање, повторување и проверување.

Заради поголема индивидуализација, задачите можат да се диференцираат.

Комлпетна организираност на домашните задачи значи дидактички целосно организирана, континуирана, и детално про-

грамирана работа ослободена од сите белези на едностраност, поврзаност и случајност.

Суштината на временската одмереност се состои во прецизното нормирање и доследното почитување на временските рамки за секоја задача посебно. Запоставувањето на реалните временски граници ги загрозува основните дидактички вредности на домашните задачи.

И домашните како и училишните задачи се функционални делови на наставата и неразделно поврзани со учениковиот живот и работа.

Перманентното вреднување на домашните задачи е, исто така, значајно дидактичко барање и истовремено основна претпоставка за нивна правилна и ефикасна примена.

Домашните, како и училишните задачи имаат јасно одредена функција која треба да биде вреднувана. Ненавременото вреднување или воопшто невреднуваните домашни задачи ја губат својата основна дидактичка валидност и можат да предизвикаат доста сериозни негативни последици.

Рационалното користење на резултатите значи применување на резултатите од дома, задачи во наставата, животот и работата на ученикот.

Во врска со можностите на учениците потребно е да се имаат предвид:

— степенот на психичкиот развој;

— обемот на искуството и предзнаењата на учениците;

— емоционалната состојба;

— мотивираноста која влијае врз активниот однос спрема проблемот што се решава.

Се препорачува во принцип да се избегнуваат претераните, а исто така, и недоволните барања. Најдобро е кога барањата се малку поголеми, нешто над индивидуалните можности на учениците.

Разновидноста на домашните задачи треба да се огледа во нивниот карактер и начинот на изработка, а истовремено да бидат во функција на градивото кое се обработува во класот. Колку се учениците повозрасни толку повеќе се зголемува разновидноста на задачите затоа што нивните можности се поголеми. Изработката на домашните задачи ќе биде поефикасна доколку содржат извесни елементи на „нешто ново“, нешто што треба самостојно да се реши; доколку се привлечни и за учениците, претставуваат извесен предизвик. Стереотипните задачи се досадни, заморуваат и кај учениците предизвикуваат отпор.

Обемот на домашните задачи треба да се гледа од аспектот на возраста на учениците и во координација со другите предметни наставници, нивните барања и времето кое е потребно за нив-

ното исполнување. Бидејќи домашните задачи не се работа само на еден или група наставници, туку на сите наставници треба да се договараат уште при планирањето и подготовката на наставата, посебно при тематската и дневната подготовка.

Нашето настојување треба да биде домашните задачи да содржат суштински елементи од наставниот предмет и неговите програмски барања. Неважни, небитни, формални барања не ги мотивираат учениците на интензивна и творечка работа.

Домашните задачи навремено да се подготвуваат и да им се дадат на учениците во ситуација која обезбедува полно внимание кај нив. Најголемите недостатоци во давањето на домашните задачи на учениците се содржат во тоа што голем број наставници или не ги планираат овие задачи, или ги даваат на брзина, на крајот од часот, дури и по завршувањето на часот, кога нема доволно време и кога учениците се заморени и деконцентрирани во однос на работата. Таквиот начин на давање домашни задачи ја нарушува мотивацијата на учениците за домашна работа и за учењето. Поради тоа, домашните задачи пожелно е да се даваат по обработката на новото градиво, односно, пред крајот или во средината на часот, кога главниот дел од наставната работа е завршен и кога учениците ќе бидат информирани за работата за да можат самостојно даја продолжат.

Домашната работа не е само „давање задачи", диктирање или препишување од таблата што треба учениците да сработат. Домашните задачи треба да бидат проследени со потребни објасненија за нивната обработка, со свртувањето на вниманието на одредени тешкотии и проблеми, наведување примери, повикување на аналогија, анализа и разработка на најтешките страни од задачите. Накратко, давање на упатство кое пошироко и наполно ќе разјасни што се бара и на кој начин може да се постигнат најдобри резултати. На помладите ученици и за потешките задачи упатствата и објасненијата им се попотребни. Давањето на домашните задачи треба и психолошки да се образложи со цел да се мотивираат учениците и со волја да работат.

Значајно барање е и проверувањето и контролата. Бидејќи домашните задачи се различни по својот карактер, различен е и начинот на нивното проверување. Најдобро е тоа да се врши на првиот нареден час во целиот клас. На тој начин ќе се види како сите ученици ги сфатиле домашните задачи, како ги извршиле и дали се појавиле тешкотии и проблеми при нивната изработка. Тоа ќе покаже и каква била наставата: празнини, неисполнети програмски барања, нејасни прашања и слично, што ќе послужи за коригирање на наставниковата работа. Проверувањето на домашните задачи може да се врши и при испрашувањето на учениците, повторувањето и утврдувањето на градивото, при разговор за новата материја, при разни вежби и сл. Не-

кои видови домашни задачи може да се проверуваат во лаборатории, работилници, практичната работа и сл. Некои задачи бараат од наставникот да ги прегледа поединечно и внимателно дома (писмени работи, извештаи, реферати, графички работи итн.). Секогаш по прегледот на домашните задачи се истакнува позитивното и карактеристичното, се исправаат грешките, а при сето тоа се избегнуваат унифицираноста и шаблонизмот.

Прашањето народителите на учениците и другите членови на семејството и домашните задачи, исто така, е доста значајно. Својот интерес и должност спрема учениците родителите ги изразуваат на разни начини. Постојат неупатени родители и старатели во обврските и можностите за укажување на помош на учениците. На тој план училиштето или одделни наставници треба да им дадат помош на тие родители во согледувањето на нивните обврски и начинот на давање на помош на учениците.

Ако се земе предвид реалната сотојба, огромното мнозинство на родителите денес има основни знаења и одговорност за создавање а минимални услови за домашна работа на нивните деца. На нив треба да сметаме како на вистински соработници и помагачи во настојувањето да се постигнат оптимални резултати во работата на учениците, перманентно да се соработува со нив и да им се дава најпотребната инструктивна и информативна помош.

Родителите најмногу можат да придонесат во:

— обезбедувањето на прибор и материјал за извршување на домашните задачи на учениците;

— да обезбедат работен простор и нужен инвентар;

— да помогнат во дневниот распоред на работата и одморот на учениците од што зависи и исполнувањето на домашните задачи;

— помош на училиштето за создавање поповолни услови за работа.

На крајот од изнесеново, според нас, може да се извлече следниов заклучок:

До колку наставникот не се придржува кон споменативе барања, домашните задачи не можат да ја исполнат својата намена стануваат досадни, учениците се немотивирани да ги работат, па најчесто, и прекинуваат тоа да го прават. На тој начин наставникот ја пропушта значајната етапа во работата и учењето на своите ученици, а тоа е: продлабочување, утврдување, творечко усвојување, поврзување на теоријата со практиката, примена на наученото, што сето заедно, знаењата на ученикот ги прави целосни, продлабочени, трајни и животворни.

# ЛИТЕРАТУРА

1. Д-р Иван Ђорђевић, д-р Никола Потковњак, Педагогија, „Научна књига", Београд, 1974.

2. Д-р Тихомир Предановић, Дидактика, „Завод за издавање уџбеника", Београд, 1974.

3. Владимир Пољак, Дидактика, „Школска књига", Загреб, 1988.

4. Марија Врботић, Како учити историју, Београд, 1983.

5. А. А. Вагин, НВ Спераискоја, Основна питања методике наставе историје, Сарајево, 1968.

6. Златибор Поповић, Методика наставе историје, Београд, 1971.

7. А. И. Стражев, Методика наставе историје, Сарајево, 1965.

8. А. З. Редко, Психологија учења историје, Сарајево, 1965.

9. Педагошка психологија, Горњи Милановац, 1982.